# Новогодишни честитки
# Прва детска амбасада во светот - Меѓаши

Стоплете ги срцата на вашите најблиски и најсакани, на вашите пријатели, колеги и соработници со честитки за новата година и новогодишните празници во студената зима која ни доаѓа. Посакајте им здравје, љубов, среќа во новата година и испратете ја вашата желба со искрени намери, покажете дека мислите на нив и дека ви значат. Праќањето новогодишна честитка не е само традиција која со години се практикува, тоа е прекрасно спакувана искрена желба која треба да се оствари. Првата детска амбасада во светот Меѓаши ви нуди избор на надворешен изглед на една таква честитка, тоа што вие го посакувате внимателно и искрено ќе го запишете одвнатре.




Мотив 1




Мотив 2




Мотив 3




Мотив 4




Мотив 5

Можеби не е толку неопходно но сепак важно е да знаете дека со купувањето на честитките помагате во спроведувањето на активностите на една домашна граѓанска организација која петта година по ред е на прво место по доверба меѓу граѓаните и која зад себе има богата историја. Детската амбасада Меѓаши веќе 22 година е посветена на поддршка на најнемоќните – децата жртви на војни, деца кои се злоупотребувани, занемарени, оставени сами на себе... Помогнавме на илјадници деца а сето тоа не ќе беше можно без поддршката од многубројни поединци, компании, институции...

Им се заблагодаруваме на сите досегашни и идни поддржувачи.




Мотив 6




Мотив 7




Мотив 8




Мотив 9




Мотив 10




Мотив 11




Мотив 12




Мотив 13

Минатогодишни мотиви

Честитките со мотив 1,2,3,4,6,7,8,9,10,11 се со димензии 16,5 x 11,8 cm преклопени или 16,5 x 23,6 cm отворени, а мотивите 5,12 и 13 се со димензии 20 x 10 cm преклопени или 20 x 20 cm отворени. Овогодинешните честитки (м1, м2, м3, м4, м5) се со цена од 35, 00 денари со вклучен плик, а мотивите 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 кои се минатогодишни и се во ограничени количини, се со цена од 20, 00 денари со вклучен плик. Во цената на честитките не е вклучен ДДВ, бидејќи Првата детска амбасада не е даночен обврзник. Внатрешноста на истите е празна, со можност за дополнително печатење на сопствена порака или лого. Доколку порачката е над 100 парчиња, цената на дополнителното печатење е 9, 00 денари во црно-бело и 11, 00 денари во боја. Доколку порачката е поголема од 200 парчиња за градот Скопје доставувањето го вршиме ние до Вашата адреса, без Ваш надомест.

Со секое допечатување на честитка донирате дополнителни 3 денари.

Честитките можете да ги порачате на телефонскиот број и факс: 02/2465 - 316, по пошта на ул. „Коста Новаковиќ" бр. 22 а, 1000 Скопје, на електронска пошта: info@childrensembassy.org.mk или да дојдете во просториите на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши.